Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
3/2009
Датум на објавување:
9.1.09

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 2.01.2009 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДАВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МОТОРИЗИРАНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА, ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ ОД ЈАВНИТЕ ПАТИШТА НА ОШТЕТЕНИТЕ ВОЗИЛА И ВОЗИЛА ВО ДЕФЕКТ, КАКО И ЗА ДРУГИТЕ РАБОТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ОДВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

## Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на надоместокот за давање на информации и техничка помош на моторизираните учесници во сообраќајот на јавните патишта, за отстранување од јавните патишта на оштетените возила и возила во дефект, како и за други работи од значење за непречено и безбедно одвивање на сообраќајот на јавните патишта.

## Член 2

Висината на надоместокот од член 1 на оваа одлука изнесува:
1. За патнички автомобили, автобуси, товарни моторни возила.................100,00 денари.
2. За мотоциклите.........................................................................50,00 денари.

## Член 3

Сите станици за технички преглед на возилата се должни при регистрација на возилата задолжително да го наплаќаат утврдениот надоместок од член 2 од оваа одлука.

## Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за висина на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ“ бр. 14/86, 10/87, 39/87, 15/88, 49/88, 17/89, 35/89, 45/89).

## Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-5005/1
2 јануари 2009 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.